**20111603522**

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Врз основа на член 40-а став (3) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11 и 136/11), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА РЕШЕНИЕ ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ВЕТЕРИНАРНИТЕ СЛУЖБИ НА ОДГЛЕДУВАЛИШТЕТО ЗА ВРШЕЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за издавање на решение за овластување на ветеринарните служби на одгледувалиштето за вршење на активностите од областа на здравствена заштита на животните.

Член 2

(1) Барањето од член 1 на овој правилник се поднесува на образец: „Барање за издавање на решение за овластување на ветеринарните служби на одгледувалиштето за вршење на активностите од областа на здравствена заштита на животните“, во А-4 формат во бела боја, кој е даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

(2) Образецот на барањето од став (1) на овој член содржи: назив на органот до кој се поднесува барањето, место за датум и број на барањето, во средишниот дел назив на барањето, назив на правното лице подносител на барањето, седиште на правното лице подносител на барањето, причина поради што се поднесува барањето и место за потпис на подносителот на барањето.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија„.

Бр. 02-4464/4
9 ноември 2011 година
Скопје

Директор,
**Дејан Рунтевски,** с.р.

Прилог

ДО
Агенцијата за храна и ветеринарство

Датум _______________
Број _________________

**Б А Р А Њ Е**

за издавање на решение за овластување на ветеринарните служби на одгледувалиштето за вршење на активностите од областа на здравствена заштита на животните

Од_____________________________________________________________________

(назив на правното лице)

_______________________________________________________________________

( седиште на правно лице)

Причина поради што се поднесува барањето:

Ве молам, согласно член 40-а од Законот за ветеринарно здравство, да ми издадете решение за овластување за вршење на активност од областа на здравствена заштита на животните од член 26 од истиот законот.

Барател

___________________